ИНТЕРПРОМЕТ
а. д.
Бр. 0101-125/1
12.03. 2019 год.

Врз основа на член 418 од Законот за трговски друштва,Надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ Акцинерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово,со седиште на ул. „Илинденска,,бр.18-а,го утврди пречистениот текст на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Пречистениот текст на Статутот ги опфаќа Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово,бр.0101-531/1 од 09.12.1999 година,Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на АД ИНТЕРПРОМЕТ Тетово,бр.0201-100/8 од 22.05.2001 година,Одлуката за изменување на Статутот на АД ИНТЕРПРОМЕТ Тетово заради конверзија на ДЕМ во ЕВРО на вредноста на основната главнина на акциите на Акционерското друштво бр.0202-192/5 од 30.10.2001 година,Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово,бр.0201-59/1 од 19.02.2005 година и Одлука за измена на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово бр.0202-122/1 од 11.03.2019 година.

# СТАТУТ
## На ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово
## (пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со донесување на овој Статут ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО запишан во Основниот суд Скопје 1 Скопје во регистарска влошка 1-2700-0-0-0 ги усогласува одредбите на својот Статут со одредбите на Законот за трговски друштва и со тоа продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

**Член 2**

ИНТЕРПРОМЕТ АД-Тетово кое врз основа на овој Статут е запишано во трговскиот регистар е единствен правен наследник на ТП ИНТЕРПРОМЕТ АД во мешовита сопственост кое беше запишано во судскиот регистар.

**Член 3**

Друштвото продолжува да работи на неопределено време и може да престане со работа само под услови и начин определени со Закон и со овој Статут.

**Член 4**

АД ИНТЕРПРОМЕТ Тетово со овој Статут во согласност со уставот и законот ја уредува правната положба на основачот и работниците во

Акционерското друштво (во понатамошниот текст: Друштвото), податоците од значење на прометот, организацијата на работењето на Друштвото, како и други прашања значајни за работата на Друштвото.

**Член 5**

Друштвото е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој Статут.

## 2. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ПРЕДМЕТ НА РАБОТА

**Член 6**

Фирмата на Друштвото е:

ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - ТЕТОВО.

Скратениот назив на фирмата е: ИНТЕРПРОМЕТ АД - ТЕТОВО.

**Член 7**

Седиштето на Друштвото е во Тетово, ул. Илинденска бр.18-а.

**Член 8**

Печатот на Друштвото е во округла форма со величина од 3 cm со текст: А.Д. "Интерпромет" во надворешниот дел од печатот, а во внатрешниот со зборовите Тетово.

**Член 9**

Штембилот на Друштвото е во форма на правоаголник со димензии 6 - 3 cm, со текст на горниот дел од штембилот со текст: ИНТЕРПРОМЕТ АД бр._____, а во долниот дел се наоѓа ознака за датумот, а под него зборовите Тетово.

**Член 10**

Друштвото во рамките на предметот на своето работење ги обавува следните дејности:

| | |
|---|---|
| 45 | Градежништво |
| 45.2 | Изградба на цели објекти или нивни делови: нискоградба |
| 45.3 | Инсталатерски работи |
| 45.4 | Завршни работи |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и моторцикли, продажба на мало на моторни горива |
| 50.1 | Продажба на моторни возила |
| 50.3 | Продажба на делови и прибор за моторни возила |
| 50.4 | Продажба, одржување и поправка на моторцикли и делови и прибор за моторцикли |
| 50.5 | Продажба на мало на моторни горива |

| | |
|---|---|
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и моторцикли |
| 51.2 | Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни |
| 51.3 | Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун |
| 51.4 | Трговија на големо со предмети за домаќинствата<br>**Освен:**<br>**51.46 Трговија на големо со фармацевтски производи** |
| 51.5 | Трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци, освен земјоделски |
| 51.6 | Трговија на големо со машини, опрема и уреди |
| 51.7 | Друга трговија на големо |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и моторцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата |
| 52.1 | Трговија на мало во неспецијализирани продавници |
| 52.2 | Трговија на мало со храна, пијалаци и тутун во специјализирани продавници |
| 52.3 | Трговија на мало со фармацевтски, медицински, козметички и тоалетни препарати<br>**Само:**<br>**52.33 Трговија на мало со козметички И тоалетни препарати** |
| 52.4 | Трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници |
| 52.5 | Трговија на мало со половна стока во продавници |
| 52.6 | Трговија на мало вон продавници |
| 52.7 | Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата |
| 55 | Хотели и ресторани |
| 55.3 | Угостителски објекти за исхрана |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт |
| 60.2 | Друг копнен сообраќај |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции |
| 63.1 | Претовар на товар и складирање |
| 63.2 | Други придружни активности во сообраќајот |
| 63.4 | Активности на други посредници во сообраќајот |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот |
| 70.3 | Активности во врска со недвижен имот, со хонорар или врз база на договор |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата |
| 71.1 | Изнајмување на автомобили |
| 71.3 | Изнајмување на други машини и опрема |
| 71.4 | Изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата, неспомнати на друго место |
| 74 | Други деловни активности |
| 74.1 | Правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на |

| | |
|---|---|
| | сметките и билансите; консултантски активности во врска со данокот; испитување на пазарот и јавното мислење; деловни и менаџмент консултантски активности; холдинг<br><br>**Освен:**<br>**74.11** Правни работи<br>**74.15** Управувачки активности на холдинг компаниите |
| 74.8 | Разновидни деловни активности, неспомнати на други места |

**Дејности во надворешниот трговски промет:**

| | |
|---|---|
| - | надворешна трговија со прехранбени производи |
| - | надворешна трговија со непрехранбени производи |
| - | работа на застапување на странски фирми |
| - | увоз и извоз на стоки |

**Член 11**

Друштвото може да ја менува фирмата и да ја проширува дејноста.

Одлуката за промените од став 1 на овој член ја донесува Управниот одбор на Друштвото со претходна согласност на Надзорниот одбор.

**Член 12**

Друштвото е правно лице самостојно ги остварува своите права и обврски во правниот промет со целосна одговорност (Ц.О).

**Член 13**

Основната главнина на Друштвото изнесува 216.918.128,00 денари која како противвредност е изразена и во ЕВРО и изнесува сума од 3.579.043,00 ЕВРА, а се состои од 70.000,- акции од кои:

- 69.659,- обични акции во вкупна номинална вредност од 215.861.427,- денари односно во противвредност изразена во ЕВРО во износ од 3.561.608,00 ЕВРА и
- 341,- обични акции резервиран општествен капитал за поранешните сопственици во вкупна номинална вредност од 1.056.701,- денари односно во противвредност изразена во ЕВРО во износ од 17.435,00 ЕВРА.

**Член 14**

Номиналната вредност на една акција изнесува 51,13 ЕВРА.

## 3. ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 15

Друштвото го застапува и претставува Претседателот на Управниот одбор на Друштвото кој ја врши функцијата Генерален директор на Друштвото.

**Член 16**

Претседателот на Управиот одбор - Генералниот директор го застапува и претставува Друштвото со неограничени овластувања.

## 4. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 17**

Органи на Друштвото се:
1. Собрание;
2. Управен одбор и
3. Надзорен одбор.

## СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 18**

Собранието е орган на управување во Друштвото, каде акционерите ги остваруваат своите права и интереси во Друштвото на начин утврден со овој Статут и закон.

**Член 19**

Секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа правото на учество во работата на Собранието на Друштвото.

Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на Собранието.

Овластувањето на полномошникот од став 1 на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно, заверено кај нотар.

За полномошник неможе да биде определен:

а) член на Управниот одбор на Друштвото односно на Надзорниот одбор или член на неговото семејство;
б) раководно лице во Друштвото или член на неговото потесно семејство;
в) член на органот на управување односно на Надзорниот одбор со поврзани или зависни друштва со Друштвото и
г) застапник по закон или друго овластено физичко лице од Друштвото или од друго правно лице што е во сопственост на Друштвото.

Полномошното по правило се издава со важност за една седница на Собранието на акционери.

Акционерот може во секое време да го откаже полномошното без наведување на причините за тоа.

**Член 20**

Собранието во остварувањето на своите права и обврски одлучува само во случаите изречно утврдени со закон и овој статут,а особено за:

1) донесување на Статутот на Друштвото;
2) изменување и дополнување на Статутот на Друштвото;
3) зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
4) промени на правата врзани за оделни видови и родови на акции;
5) именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор;
6) разрешување на членовите на Управниот одбор,во случај од член 384 став 8 од Законот за трговски друштва;
7) одобрување на работата на Управниот и Надзорниот одбор;
8) усвојување на годишната сметка,на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределба на добивката;
9) назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако Друштвото има обврска да ги потготвува;
10) именување на ревизори на годишните сметки и на финансиските извештаи и контролори на управувањето со Друштвото;
11) преобразба на Друштвото во друго друштво и престанок на Друштвото;
12) издавање акции,обврзници и други хартии од вредност;
13) одлучува за присоединување,спојување и поделба на Друштвото;
14) и споровите помеѓу Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото и
15) одлучува за продажба на недвижен имот на Друштвото над 20% од книговодствената вредност на Друштвото.

Собранието на Друштвото може да одлучува за прашања од областа на управувањето само ако тоа го побара Управниот одбор.

**Член 21**

Собрание на акционери се свикува и одржува најмалку еднаш годишно Годишното Собрание го свикува Управниот одбор и тоа најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка,на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година,а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно Собрание на кое задолжително:

1. се разгледуваат и се усвојуваат:
- годишната сметка;
- финансиските извештаи ако Друштвото има обврска да ги потготвува и
- годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година;
2. се одлучува за употреба на чистата добивка или за покривање на загубата и
3. се одобрува работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор.

**Член 22**

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни Собранија, може да се свика Собрание.

Одлуката за свикување на Собрание на акционери донесуваат Управниот одбор односно Надзорниот одбор, со мнозинство гласови од своите членови, и тоа по своја иницијатива или по барање на акционер.

Барање за свикување Собрание можат да поднесат и акционери кои имаат најмалку 1/10 од сите акции со право на глас, на начин определен со Законот за трговски друштва.

Управниот одбор односно Надзорниот одбор, во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување на Собрание мора да донесе Одлука за прифаќање или за одбивање на барањето.

Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради кои што е така одлучено.

Ако Управниот одбор односно Надзорниот одбор не донесе одлука во рокот определен во став 4 од овој член, судот по предлог на подносителот на барањето за свикување на седница на Собранието може да донесе Одлука за свикување на Собрание доколку се исполнети условите, начинот и постапката за свикување Собрание, определени со Законот за трговски друштва, и ако прашањата предложени за дневен ред, според законот или според овој Статут, се во надлежност на Собранието.

Во одлуката од став 6 на овој член судот ќе наложи и преземање на други потребни дејствија неопходни за остварување на целите заради кои се свикува Собранието, согласно Законот за трговски друштва.

**Член 23**

Собранието на акционери се свикува со:

- покана, која се испраќа до сите акционери или
- објавување на јавен повик најмалку во еден дневен весник и дневен весник на јазиците на другите националности.

Во поканата односно Јавниот повик мора да бидат наведени сите потребни податоци за поблиско информирање на акционерите за денот, часот и местото на одржување на Собранието, начинот и рокот за пријавување на учеството во работата на Собранието, местото и времето за увид во материјалите по прашањата ставени на дневен ред на Собранието и други податоци предвидени со Закон и овој Статут.

**Член 24**

Собранието може да донесува одлуки само за прашањата што се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа без право на одлучување и за прашања што не се уредно ставени на дневен ред.

**Член 25**

Секој акционер запишан во акционерската книга на Друштвото,од денот на уписот,има право на:

- Учество во работата на Собранието
- Расправање по прашањата ставени на дневен ред на Собранието и
- Глас во Собранието (една акција еден глас)

И други права предвидени со закон и со овој Статут.

Ченовите на Управниот и Надзорниот одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас,освен ако не се акционери.

**Член 26**

Секој акционер кој има намера да учествува на свикао Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.Управниот одбор односно лицето овластено за свикување на Собранието составува список на пријавени акционери кој го става на увид во седиштето на Друштвото.

Пред почетокот на одржувањето на Собранието,Управниот одбор односно лицњто овластено за свикување на Собранието го спроведува списокот на пријавеите акционери со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржување на Собранието списокот од став 1 на овој член го потпишува секој присутен акционер односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието.

Потпишаниот список со овј потпис го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот.

Заверениот список им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање.Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија од потпишаниот список,на свој трошок,кој што не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

**Член 27**

Собранието може да работи и да донесува полноважни одлуки само ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Доколку на Собранието не се обезбедени кворумот предвиден во став 1 на овој член,тогаш Собранието не може да почне со работа.Завреме што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржување на Собранието коешто немало кворум за работа,се закажува нов термин за одржување на Собранието коешто и се одржува во овој рок.Новиот термин за одржување на шрезакажаното собрание се објавува на начинот на кој што е објавено свикувањето на Собранието кое немало кворум за работа.

Учество на презакажаното Собрание не се пријавува повторно.

На презакажаното Собрание може да се одлучува само за прашањата утврдени во дневниот ред за правото свикување на Собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат.На презакажаното Собрание не може да се одлучува за прашањата коишто се

одлучува цо поголемо мнозинство од кворумот определен во став 1 од мнозинството од овој член.

**Член 28**

Секоја обична акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Правото на глас во Собранието на Друштвото акционерот,ако е правно лице, го остварува преку свој овластен застапник односно со полномошно.

**Член 29**

Одлуките на Собранието, во принцип , се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас, присутни или претставени на Собранието.

Собранието одлучува со три четвртинско мнозинство од вкупниот број акции цо право на глас за следниве прашања:

а) носење одлука за исмена и дополнување на Статутот на Друштвото;
б) одлуката за зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
в) именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор;
г) разрешување на членовите на Управниот одбор и
д) одлука за присоединување , спојување и поделба на Друштвото и за престанок на Друштвото.

Со одлуките и заклучоците со кои на акционерите им се наложуваат поголеми обврски од тие што им се наложени со овој Статут или со кои на поодделени акционери им се намалуваат правата со овој Статут, потребна е согласност на сите акционери на кои им се зголемуваат обврските, односно им се намалуваат правата.

**Член 30**

За одлуките и заклучоците што ги донесува Собранието,присутните односно претстставените акционери гласаат јавно.

Гласањето на Собранието за избор и отповикување на целиот состав на Надзорниот одбор или на негов поодделен член ќе биде јавно.

Собранието ќе пристапи кон тајно гласање само за прашања за кои со Закон изрично се бара тајно гласање, како и по барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на акции со право на глас.

Тајното гласање го спроведува комисија избрана со одлука на Собранието, а на начин и постапка утврдени во Законот за трговски друштва.

**Член 31**

Одлуките заклучоците и ставовите на Собранието се задолжителни за сите акционери без оглед дали присуствувале на седницата на Собранието или гласале против одлуката , заклучокот или ставот.

**Член 32**

Со седниците на Собранието претседава Претседавач,кој се избира за одделно Собрание со мандат што трае до изборот на Претседавач на наредното Собрание кое што треба да се одржи.

За Претседавач со Собранието не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор.

За работата на Собранието се води Записник.Записникот треба да биде потготвен во роковите и да ги содржи сите податоци предвидени со Законот за трговски друштва.

УПРАВЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО

**Член 33**

Управниот одбор управува со Друштвото.

Управниот одбор има најшироки овластувања да дејствува во сите околности во име на Друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото,со исклучок на овластувања кои изречно му се дадени на Надзорниот одбор и на Собранието на Друштвото.

**Член 34**

Управниот одбор во извршување на своите работи особено ги врши следните надлежности:

1) донесува планови и програми за работа;
2) подготвува предлози на акти на Собранието и ги извршува донесените одлуки;
3) се грижи за уредна и навремена изработка на периодични и годишни пресметки;
4) доставува извештај за своето работење до Собранието;
5) донесува општи и поединечни акти чие што донесување не е во надлежност на Собранието;
6) одлучува за прашања од работен однос и барање за заштита на правата на вработените во втор степен;
7) одлучува за продажба на недвижен имот на Друштвото до 20% од книговодствената вредност на Друштвото;
8) донесува одлука за годишен попис на средства и изворите на средства и го усвојува извештајот за извршениот попис;
9) одлучува за склучување на долгорочни договори за закуп;
10) формира кмисии и други работни тела заради извршување на својата дејност;
11) ја утврдува внатрешната организација на Друштвото;
12) се грижи за законитоста во работењето и за исполнување и спроведување на обврските на Друштвото;
13) одлучува за статусни промени на Друштвото;
14) врши и други работи утврдени со овој Статут и други општи акти на Друштвото.

**Член 35**

Управниот одбор на Друштвото брои 5 члена.

Членовите на Управниот одбор ги избира Назорниот одбор со мнозинско гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Со одлуката за избор на членовите на Управниот одбор,еден од членовите на Управниот одбор ,Надзорниор одбор го именува за Претседател на Управниот одбор.

За член на Управен одбор може да биде избрано и лице кое што не е акционер на Друштвото.

Надзорниот одбор моќе да го разреши Претседателот на Управниот одбор во било кое време и да именува нов Претседател.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 5 години.

Членовите на Управниот одбор можат да бидат повторно избрани за членови на Управниот одбор,но не повеќе од три пати едноподруго.

Член на Управниот одбор не смее во исто време да биде именуван за извршен член на Одборот на директори односно за член на Управен одбор во други акционерски друштвасо седиште во Република Македонија.Член на Управниот одбор може да биде избран за неизвршен член како и за член на Надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

**Член 36**

Претседателот на Управниот одбор го застапува Друштвото во односите со трети лица.

Управниот одбор може,со одобрение на Надзорниот одбор,да овласти еден или повеќе членови на Управниот одбор да го застапуваат Друштвото.

Претседателот на Управниот одбор поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на членовите на Управниот одбор овластени за застапување на Друштвото.

**Член 37**

Управниот одбор по истекот на деловната година му поднесува на Надзорниот одбор предлог на годишна сметка и годишен извештај за работењето.

По барање на Ндзорниот одбор,Управниот одбор составува посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некој посебен аспект од неговото работење.

Управниот одбор ги именува лицата со спејални права и одговорности.

**Член 38**

Управниот одбор со претходно одобрение на Надзорниот одбор одчлучува за:

1).затворање на (престанување)или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;

2).намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;

3) суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото;
4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
5) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на Друштвото и
6) основање и престанување на подружница на Друштвото.

**Член 39**

Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците на Управниот одбор и претседава со нив.

Предлог за одржување состанок на Управниот одбор може да даде секој член на Управниот одбор и секој член на Надзорниот одбор. Во предлогот треба да биде наведено прашањето за кое се бара состанок на Управниот одбор со кусо образложение кон предлогот.

Ако Претседателот на Управниот одбор не го свика состанокот на Управниот одбор, состанокот ќе го свика предлагачот од став 2 на овој член.

Ако Претседателот на Управниот одбор, од било кои причини, не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор именуван од Надзорниот одбор.

**Член 40**

Претседателот на Управниот одбор е одговорен за непосредно водење на работите на Друштвото и за застапување на Друштвото во односите со трети лица.

Во остварувањето на работите од став 1 на овој член, Претседателот на Управниот одбор ги има следните овластувања:

1) ја предлага деловната политика на Друштвото;
2) непосредно го организира и го води работењето на Друштвото;
3) на управниот одбор му ја предлага програмата и планот на Друштвото и презема мерки за нивно остварување;
4) ги извршува одлуките на Управниот одбор;
5) ја предлага внатрешната организација на Друштвото и систематизацијата на работните места;
6) ги именува и разрешува лицата одговорни на служби и одделенија, склучува со нив договор за работа и одлучува за нивната одговорност;
7) одлучува за ангажирање на надворешни соработници во зависност од потребните на Друштвото;
8) врши избор на работници по распишан оглас и конкурс;
9) го организира годишниот попис на средствата и изворите на средствата на Друштвото;
10) дава упатства и налози за работа на работниците во врска со работата и

11) одлучува и по други прашања од работниот однос на работниците согласно Законот, Колективниот договор, Правилата за работа и другите акти на друштвото.

Претседателот на Управниот одбор ги пријавува фактите кои подлежат на упис во трговскиот регистар, ако со закон не е поинаку уредено.

- Претседателот на Управниот одбор со писмено овластување именува лице кое ќе го заменува во случај на негово отсуство од работа.

**Член 41**

Членовите на Надзорниот одбор за својата работа имаат право на награда определена како месечен паушал или паушал по состанок.

Видот и висината на наградата се утврдува со Одлука на Собранието на акционери.

- Членовите на Управниот одбор имаат право на плата односно месечен надоместок, што се уредува со Договор согласно Законот за трговски друштва, склучен помеѓу членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор, кој договор во име на Друштвото го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор.

**Член 42**

Членовите на Управниот одбор се должни функцијата член на Управниот одбор да ја вршат совесно и одговорно и во интерес на Друштвото, акционерите и вработените.

Управниот одбор, најмалку еднаш во три месеци, му поднесува на Надзорниот одбор писмен извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година и годишна сметка и годишен извештај за работењето на Друштвото.

Членовите на Управниот одбор се должни сите податоци и информации за работењето на Друштвото кои претставуваат деловна тајна и се од доверлива природа да ги чуваат како деловна тајна.

Обврската од став 3 на овој член трае најмалку три години по престанокот на мандатот на членовите на Управниот одбор.

**Член 43**

Членовите на Управниот одбор мораат да ги вршат своите работи со внимание на совесен трговец и да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Управниот одбор кои ќе извршат повреда на своите обврски во однос на Друштвото му одговараат на Друштвото за причинетата штета како солидарни должници. Во случај на спор членовите на одборот мораат да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Управниот одбор особено ќе се сметаат за одговорни за штетата, ако спротивно на Законот за трговски друштва и овој Статут:

1) на акционерите им го вратат она што тие го вложиле во Друштвото;
2) на акционерите им исплатат камата или дивиденда;

3) ако запишат,стекнат,земат во залог или ако ги повлечат акциите на Друштвото;
4) ако го разделат имото на Друштвото;
5) извршат исплати по настапувањето на неспособноста на Друштвото за плаќање односно по настапувањето на презадолженоста на Друштвото;
6) поднесат невистинита годишна сметка и финансиски извештаи;
7) ги злоуботребат и неовластено ги користат средствата на Друштвото и
8) при условно зголемување на основната главнина издаваат акции, спротивно на целта,или издаваат акции пред акциите од претходната емисија да бидат уплатени во целост.

За отранување на незаконитостите од претходниот став на овој член акционерите имаат право од членовите на Управниот одбор да бараат надомест на штета.

Членовите на Управниот одбор нема да се сметаат одговорни за штетата ако работеле врз основа на одлука на Собранието на Друштвото или Надзорниот одбор,која ја усвоиле и покрај тоа што укажале дека е спротивна на Законот за трговски друштва и овој Статут на интересите на Друштвото.

НАДЗОРЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО

**Член 44**

Надзорниот одбор на Друштвото врши надзор и контрола на работењето,на Управниот одбор како и контрола на актите на Друштвото.

**Член 45**

Надзорниот одбор брои 5 члена.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира и отповикува Собранието на акционери со три четвртинско мнозинско од вкупниот број на акции со право на глас.При изборот се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.

Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор се назависни членови.

Пред да се пристапи кон избор,за секој кандидат во писмена форма,се објавуваат податоците определени со Законот за трговски друштва.

Од редот на своите членови,Надзорниот одбор избира Претседател на Надзорниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот на Надзорниот одбор во било кое време и да избере нов Претседател.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 години.

Членовите на Надзорниот одбор можат повторно да бидат избрани за членови на Надзорнот одбор,но не повеќе од три пати едноподруго.

**Член 46**

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор.

Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и списите на Друштвото, имотот, особено благајната на Друштвото и постоечкиот износ на хартии од вредност и стоки.

Надзорниот одбор за вршење на одделни стручни работи од делокругот на работење на Надзорниот одбор може да задолжи одделни членови на одборот, овластен ревизор или стручно лице.

Надзорниот одбор може да го свика Собранието на Друштвото кога тоа го бараат интересите на Друштвото. Одлуката за свикување на Собранието, членовите на Надзорниот одбор ја донесуваат со обично мнозинство.

**Член 47**

Состаноците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив претседава Претседателот на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор свикува состанок на Надзорниот одбор и по писмено барање на:

- член на Надзорниот одбор;
- член на Управниот одбор;
- овластен ревизор или друго лице определено со Статутот и
- акционери кои поседуваат најмалку 1/10 од акциите со право на глас.

Барањето се доставува до Претседателот на Надзорниот одбор кој е должен да свика состанок во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот, со состаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од присутните членови на одборот.

**Член 48**

Во текот на годината, Надзорниот одбор задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, а еден од нив задолжително во рок од еден месец пред одржувањето на годишното Собрание.

Надзорниот одбор може да работи ако на состанокот присуствуваат најмалку половина од членовите на одборот.

Одлуките, заклучоците и мислењата Надзорниот одбор ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Ако Надзорниот одбор утврди дека определена Одлука донесена од Управниот одбор е спротивна на интересите на Друштвото, акционерите или на овој Статут, писмено ќе му укаже на Управниот одбор за тоа.

Ако Управниот одбор по повод предупредувањето на Надзорниот одбор не ја преиначи одлуката, друг акт или мерка, Надзорниот одбор го известува Собранието на акционерите.

Судирот меѓу Управниот одбор и Надзорниот одбор го решава Собранието на Друштвото.

**Член 49**

Членовите на Надзорниот одбор го застапуваат Друштвото пред судовите кога спротивната страна се членовите на Управниот одбор.

**Член 50**

Членовите на Надзорниот одбор се должни своите права и обврски да ги вршат најсовесно во интерес на Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа должност постои и продолжува да важи по престанокот на членството во Надзорниот одбор.

КОМИСИИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 51**

Управниот одбор односно Надзорниот одбор може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.

Комисиите од став 1 на овој член се составени од најмалку три, но не повеќе од пет члена, а се формираат со цел на Управниот односно Надзорниот одбор да им обезбедат дополнителни информации, сознанија и стручни мислења за поделни прашања за кои тие треба да одлучуваат, а се од интерес за Друштвото и акционерите.

За својата работа комисијата, на органот што ја формирал, му доставува писмен извештај со наод и мислење за прашањата за кои е формирана.

Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Управниот одбор и Надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесуваат нивните права и обврски.

Сите активности на комисијата подлежат на одобрение од страна на Управниот одбор односно Надзорниот одбор.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

**Член 52**

Работниците на Друштвото зависно од процесот на трудот се распоредени во организациони деловни работни единици.

**Член 53**

Работните единици како делови на Друштвото немаат својство на правно лице, ниту пак имаат овластувања со трети лица во правниот промет.

**Член 54**

Работните единици врз основа на својата правна положба не се впишуваат во судскиот регистар.

**Член 55**

Работниците во работната единица за својата работа примаат плата во зависност од резултатите постигнати во таа работна единица, а во согласност со Правилникот за стекнување и распределба на плата.

## 6. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА, ДИВИДЕНДА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ

**Член 56**

За целите на распределба на добивката Друштвото го утврдува својот финансиски резултат остварен во деловната година, во согласност со Законот за трговски друштва и со друг Закон.

**Член 57**

Добивката се распоредува на начин и постапка утврдена во Законот за трговски друштва.

Со одлуката за распоредување на добивката не може да се вршат измени во остварената добивка на Друштвото.

**Член 58**

Доколку со одлуката за распоредување на добивката е предвиден износ за исплата на дивиденда на акционерите, дивидендата ќе се исплати на начинот, постапката и во роковите утврдени со Законот за трговски друштва и Одлуката на Собранието со која што се одобрува плаќање на дивиденда.

**Член 59**

Доколку Друштвото за деловната година оствари загуба, Одлука за покривање на загубата донесува Собранието на акционери.

Во одлуката од став 1 од овој член се наведуваат изворите за покривање на загубата согласно Законот за трговски друштва.

Со одлуката од став 1 од овој член не можат да се вршат измени во загубата на Друштвото.

**Член 60**

Друштвото има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката на Друштвото.

Резервата од став 1 на овој член се пресметува и издвојува во процент кој не може да биде помал од процентот определен согласно Законот за трговски друштва.

## 7. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

**Член 61**

Работниците во Друштвото и Друштвото склучуваат договор со кој се утврдуваат одредени прашања од работниот однос.

**Член 62**

Со колективниот договор се утврдуваат прашања околу:

- условите и начинот за засновање на работен однос;
- стапување на работа и начин на распределба на работниците на работни места;
- работното време, ноќна работа, прекувремена работа и работа на државен празник;
- заштита при работа и условите за работа;
- одморите и отсуствата, правата и одговорностите на работниците кои произлегуваат од работниот однос;
- престанок на работниот однос со Друштвото.

**Член 63**

Со колективниот договор се определува и платата на работникот, надоместокот на плата и останатите примања и надоместоци.

**Член 64**

Со колективниот договор се уредуваат и други прашања од значење за работата како што се:

- образување и стручно оспособување на работниците;
- информирање на работниците;
- синдикално организирање и синдикална заштита на правата на работниците кои произлегуваат од работниот однос;
- правото на работникот на штрајк (согласно Законот за штрајк);
- заштита на правата на работникот и
- учество на работниците во управувањето.

**Член 65**

Со колективниот договор се определува и процедурата на колективното преговарање, заклучување, изменување и дополнување на колективниот договор.

## 8. ПЛАНИРАЊЕ И РАЗВОЈ

**Член 66**

Друштвото својот развој и работење ги остварува со изготвување на долгорочни, среднорочни, годишни и оперативни планови.

**Член 67**

Долгорочните планови за развој и работа на Друштвото ги донесува Собранието на акционери со мнозинство гласови од акциите со право на глас присутни односно претставени на Собранието.

Среднорочните, годишните и оперативните планови за работа ги донесува Управниот одбор на Друштвото со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

**Член 68**

Среднорочниот план содржи основни елементи и показатели за развојот на Друштвото во наредните 5 години.

**Член 69**

Годишниот план ги содржи основните елементи за работа и се базира на условите на пазарот и анализа на сопствените можности.

**Член 70**

Оперативните планови се утврдуваат континуирано, тромесечно, заради остварување на задачите и целите утврдени со годишниот план во однос на набавката на стоката, приливот и одливот на паричните средства како и утврдување и распределба на доходот, добивката односно финансиските резултати на работењето.

## 9. ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО

**Член 71**

Секој акционер во Друштвото, заради остварување на своите права определени со Закон и овој Статут има право да биде лично информиран за работењето на Друштвото како и право на увид во книгите, актите и други документи на Друштвото, а на начин и постапка утврдена со Закон и овој Статут.

За остварување на правото на информирање на акционерите Управниот одбор на Друштвото ги објавува податоците и извештаите за кои што со Закон и овој Статут е определена обврска за нивното објавување, а се значајни за акционерите. Објавувањето Друштвото го врши на огласна табла на Друштвото, а може и во дневен весник на македонски и албански јазик и друг јазик на националностите.

**Член 72**

На секој акционер му се обезбедува право на увид во актите и другите документи на Друштвото, во седиштето на Друштвото.

Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на Управниот одбор, акционерите го остваруваат преку Надзорниот одбор со поднесување писмено барање кое треба да го достави во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид.

**Член 73**

Ако Друштвото не му дозволи на акционерот увид во актите и документите, тој има право да достави предлог до судот за да му се овозможи увид.

Судот во рокот определен со Законот за трговски друштва донесува одлука.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите кои што ги добил од Друштвото освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со Закон, Статут и друг акт на Друштвото или ако тие веќе не се јавно објавени."

## 10. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 74**

Како доверлива деловна информација (деловна тајна) се смета секоја информација, финансиски и материјален податок, исправа и друг акт, непознат на јавноста, кој Управниот односно Надзорниот одбор на Друштвото ќе го определи како доверлив, или кој, без прејудицирање на околностите за откривање, треба да биде сметана за доверлива, без оглед како таа доверлива информација станала достапна на членот на Органот на управување, акционерот или вработениот.

**Член 75**

На акционерите и вработените во Друштвото им е забрането користењето на доверлива деловна информација на Друштвото надвор од нивната работа, статус или функција. Доверливата информација неможе да се користи освен со цел да се врши работата или функцијата во интерес на Друштвото.

Акционерите и работниците кои не се акционери, а на кои им престанал работниот однос во Друштвото, се должни доверливата деловна информација да ја чуваат најмалку 3 години по престанокот на работниот однос.

**Член 76**

Неовластеното откривање на деловната тајна преставува тешка повреда на работната обврска која за последица може да има и престанок на работниот однос, односно разрешување од должност и ќе претставува основа за судски надомест.

Откривањето исправи и податоци кои се сметаат за деловна тајна на седницата на Собранието или на седницата на Управниот односно Надзорниот одбор нема да се смета за повреда на обврската за чување на деловна тајна доколку тоа откривање е неопходно за извршување на нивните права и обврски.

Било кој вработен во Друштвото кој на Собранието или на Управниот односно Надзорниот одбор ќе открие такви податоци е должен присутните на таа седница да ги предупреди дека тие податоци и исправи се сметаат за деловна тајна и присутните се должни она што ќе го дознаат да го чуваат како деловна тајна.

**Член 77**

Податоците кои претставуваат деловна тајна може да се направат достапни за трети лица само ако прибават писмено одобрение за тоа од Надзорниот одбор на Друштвото.

## 11. АКТИ ВО ДРУШТВОТО

**Член 78**

Друштвото ги донесува следните акти:

1. Статут;
2. Правилник за работни односи (колективен договор);
3. Правилник за организација и систематизација на работните места, за распределба на средствата за плати и други надоместоци;
4. Правилник за деловна тајна и
5. Други акти предвидени со Закон.

## 12. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Член 79**

Генералниот Директор и работниците во Друштвото се должни да преземаат посебни мерки, секој во оквир на својата надлежност со цел да се заштити животот на работниците, да се зачува животниот простор, како и да се заштити и унапреди животната средина.

## 13. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ ВО ДРУШТВОТО

**Член 80**

Друштвото може да се присоедини кон друго друштво.

Друштвото може да се спои со едно или повеќе друштва од било кој облик на сопственост во ново друштво.

Друштвото може да се подели на повеќе друштва за вршење на дејности за кои е запишано во трговскиот регистар.

Присоединување, спојување и поделба на Друштвото се врши под условите, на начинот и постапката предвидена со Законот за трговски друштва и овој Статут.

**Член 81**

Одлука за присоединување,спојување и поделба на Друштвото донесува Собранието на акционери со три четвртинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.

**14.ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО**

**Член 82**

Друштвото престанува со:

1) истекот на времето определено во Статутот,ако Друштвото е основано на определено време;
2) одлука на Собранието за престанување на Друштвото донесена со три четвртинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас;
3) правосилна Одлука на судот се утврди ништовност на Друштвото и на уписот на Друштвото во трговскиот регистар;
4) присоединување,со спојување или поделба на Друштвото,со раздвојување, со основање и со раздвојување со преземање;
5) стечај.

Одлуката за престанок на Друштвото се запишува во трговскиот регистар на начин и постапка предвидена со Закон.

**15. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 83**

Постојниот Статут на Интерпромет АД Тетово бр.0101-61/1 од 24.02.2005 година престанува да важи со денот на стапување на сила на овој Статут.

**Член 84**

Овој Статут стапува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 85**

Измените и дополнувања на овој Статут се вршат на ист начин како при неговото донесување.

**Член 86**

Се што не е предвидено со овој Статут,важат одредбите од Законот за трговски друштва.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО НА
ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО

______________________________

Јас, НОТАР Наџи Зеќири
за подрачјето на Основен суд во Тетово

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Статут на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово (пречистен текст) заведен под број 0101-125/1 од 12.03.2019 издаден од Интерпромет АД Тетово.

Напишан е со други механички средства (фотокопија), кој има 22 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Даут Букла ул. 180, бр. 33 II/4, ТЕТОВО

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 1100.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200.00 денари.

Број УЗП 1800/2019

Во Тетово 19-03-2019

Нотар
Наџи Зеќири

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
НАЏИ
ЗЕЌИРИ
ТЕТОВО